# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## за настанатите значајни промени во финансискиот резултат во периодот јануари – јуни 2023 година

- **Сметководствени политики и методи на вреднување на ставките од финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи;**

Во овој период нема промени во сметководствените политики.

- **Остварени вкупни приходи во однос на претходниот период, кратка анализа на приходите и расходите и на остварениот финансиски резултат;**

Во периодот јануари-јуни 2023 година Друштвото оствари вкупни приходи во висина од 307,31 милиони денари и кај истите има 20,04% зголемување споредбено со истиот период од 2022 година. Во структурата на вкупните остварени приходи најголемо учество, 93,95% имаат приходите од домашен транспорт на деривати кои во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат зголемување од 23%.

Во периодот јануари-јуни 2023 година Друштвото оствари вкупни расходи во висина од 233,63 милиони денари и кај истите има 3,4% зголемување споредбено со истиот период од 2022 година. Во структурата на вкупните остварени расходи најголемо учество, 35,17% имаат расходите за трошоци за вработени кои во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат зголемување од 13%.

- Друштвото заклучно со 30.06.2023 година оствари добивка по оданочување во висина од 65,88 милиони денари и истата е зголемена за 147% во однос на истиот период од 2022 година. Ваквиот резултат се должи на зголемување на приходите од транспорт на деривати на домашниот пазар и истовремено незначително зголемување на оперативните расходи.

**- Исплатени дивиденди (вкупно и по акција);**

Друштвото заклучно со 30.06.2023 година нема извршено исплата на дивиденди.

- **Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис;**

  Во овој период Друштвото вложило во материјални средства износ од 2,1 милиони денари, а од друга страна не остварило продажба или значителен отпис на истите.

- **Промени во кредитните задолжувања;**

  Друштвото не е кредитно задолжено.

- **Исполнување на планот и очекувања за претстојниот период.**

  Друштвото ги остварува планираните параметри и очекува дека истиот тренд ќе продолжи и во идниот период.